**ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ А.Д. - СКОПЈЕ**
**HEKURUDHAT E MAQEDONIŚЁ SЁVERIUT TRANSPORT SHA – SHKUP**
**Одделение за план, развој, студии и статистика**

**Број**
**00.02.2025 година**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
## ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ТРАНСПОРТ А.Д.
## ЗА ПЕРИОД 01.01. – 31.12.2024 ГОДИНА




**Скопје, Февруари 2025 година**

**С ОД Р Ж И Н А**


| | |
|---|---|
| 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ | 4 |
| -ДЕЛОВНА ПОЛИТИКА | 7 |
| 2. СОСТОЈБА НА КАПАЦИТЕТИТЕ | 8 |
| 3. ОБЕМ НА РАБОТА | 10 |
| 4. КОРИСТЕЊЕ, СОСТОЈБА И ПОТРОШУВАЧКА НА ВЛЕЧНИТЕ КАПАЦИТЕТИ | 15 |
| 5. ИНВЕСТИЦИИ | 20 |
| 6. ВРАБОТЕНОСТ | 21 |
| 7. ПЛАТИ | 22 |
| 8. ЕКОНОМСКО ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ | 24 |

| Л Е Г Е Н Д А | |
|---|---|
| **Кратенка** | **Опис** |
| **РИВ** | Меѓународни прописи за взаемно користење на товарни вагони што исполнуваат технички карактеристики по одредбите на УИЦ и прописите за употреба на вагони во меѓународен железнички сообраќај. |
| **АВВ** | Општ договор за користење товарни вагони |
| **УИЦ** | Меѓународна унија на железници |
| **ГП** | Главна поправка |
| **ТО** | Тековно одржување |
| **ИО** | Инвестиционо одржување |
| **ВП** | Вонпланска поправка |
| **ДМВ** | Дизел моторен воз |
| **ЕМВ** | Електро моторен воз |
| **ДМГ** | Дизел моторна гарнитура |
| **ЕМГ** | Електро моторна гарнитура |
| **ПКМ** | Патнички километри |
| **НТКМ** | Нетотонски километри |
| **БТКМ** | Брутотонски километри |

# 1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Со **Одлука за основање на Акционерско Друштво за транспорт Македонски Железници Транспорт АД-Скопје** од 08.05.2007 година, донесена од Владатана Р.Македонија како и со **Статутот на Акционерското Друштво**, се дадени сите основни показатели за субјектот – транспорт со железнички влечни и возни средства:

- **Фирма и седиште на Друштвото,**како правен следбеник на ЈП Македонски Железници - Ц.О. Скопје запишано во централниот регистарна Р.Македонија под бр. 30120060000928, со своја сметка и свое име со назив на македонски **Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје**, или скратен назив **ЖРСМ Транспорт АД-Скопје**.Назив на фирмата на Дрштвото на албански јазик е **Hekurudhat e Republikös se Maqedonisë sö Veruit Transport SHA-Shkup**, односно скратен назив на фирмата на албански јазик е **HRMV Transport SHA-Shku**р. Друштвото ќе работи и учествува во меѓународниот промет под фирмата **Railways of the North Macedonia Transport JSC - Skopje**, односно скратен назив на фирмата во меѓународниот промет е **RRNM TRANSPORT JSC-Skopje**, свој заштитен знак, печат и штембил со седиште на Бул. Трета Македонска Бригада бр.66.

-**Основач на Друштвото е Владата на Р.Македонија,**со седиште на ул. Илинденска бр.2 и матичен број 4064674. Правата и обврските на Собранието на Друштвото ги врши Владата на Република Северна Македонија преку Деловникот за работа со кој се пропишува начинот на работа и свикување на собрание на Друштвото определено со Закон како и во случај кога тоа го бара интересот на акционерите со пропишани прашања за одлучување;

**- Управување со Друштвото** е преку Управен Одбор (7 члена) и Надзорен Одбор (7 члена со 2 независни членови). Членовите на Надзорниот Одбор ги избира Владата на Република Северна Македонија во својство на Собрание на акционери. Членовите на Управниот Одбор ги избира Надзорниот Одбор. Претседателот на Управниот Одбор го застапува Друштвото и носи назив Генерален директор, а во негово отсуство го заменува еден од членовите на Управниот Одбор во својство на Заменик генерален директор. Во принцип сите членови од Управниот Одборсе во истовреме и директори на соодветни ресори од делокругот на работењето на Друштвото.

**- Предмет на работењето на Друштвото:**

Приоритетнадејност:
49.10 - патнички железнички транспорт, меѓуградски;
49.20 - товарен железнички транспорт и;
18.11 - печатење на весници;
18.12 - друго печатење;
18.13 - услужни дејности во врска со печатењето и објавувањето;
18.14 - книговезни и сродни услуги;
33.11 - поправка на фабрикувани производи од метал;
33.12 - поправка на машини;
33.13 - поправка на електронска и оптичка опрема;
33.14 - поправка на електрична опрема;
33.17 - поправка и одржување на други превозни средства;
33.18 - поправка на останата опрема;
46.71 - трговија на големо со цврсти , течни и гасовити горива и слични производи;
49.31 - градски и приградски патнички копнен транспорт;
49.39 - друг патнички копнен транспорт, неспомнат на друго место;
49.41 - товарен патен транспорт;
49.42 - услуги за преселување;
52.10 - складирање на стока;
52.21 - услужни дејности поврзани со копнениот превоз;
52.24 - претовар на товар;

52.29 - останати придружни дејности во превозот;
58.11 - издавање на книги;
58.12 - издавање на именици исписоци на адреси;
58.13 - издавање на весници;
58.14 - издавање на списанија и периодични публикации;
58.19 - други издавачки дејности;
58.29 - издавање на останата програмска опрема;
62.01 - компјутерско програмирање;
62.02 - компјутерски консултански дејности;
62.03 - дејности на управување со компјутерска опрема;
62.09 - останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите;
63. 01 - обработка на податоци хостирање и слични дејности, интернет портали;
63.11 - обработка на податоци, хостирање и слична дејност;
63.12 - интернет портали;
63.99 – останати инфо услугжни дејности, неспомнати на друго место;
73.1 - маркетинг (реклама и пропаганда);
77.39 - изнајмување и давање под закуп (лизинг) на останати машини, опрема и материјални добра, неспомнати на други места;
85.32- техничко и стручно средно образование,
95.11 - поправка на компјутери и периферна (дополнителна компјутерска) опрема.


ЖРСМ Транспорт А.Д.-Скопје
Надзорен Одбор
Ивица Алексовски-Претседател
Кристина Цветковска - член
Милан Ѓорѓиевски - член
Драган Филиповски- член
Тони Димовски -член
Александра Нениќ Кирилова член
Ивица Алексовски- член
Сеат Исмаили-член
Дејан Кошутиќ- В.Д. Претседател
Игор Коруноски – В.Д.Член
Горанчо Јовановски – В.Д. Член
Јулијана Веригиќ – В.Д. Член
Димитар Стефанов –В.Д.Член
Весна Силјаноска – Трајкоска В.Д. Член
Исен Рамадани–В.Д.Член
Менаџмент
Управен Одбор
Подружница за патнички сообраќај
Дирекција Без менаџмент
Подружница за товарен сообраќај
Подружница за Влеча на возови

**Деловна политика**

ЖРСМ Транспорт АД Скопје во 2025 година ќе биде насочен кон зголемување на оперативната ефикасност, подобрување на квалитетот на транспортните услуги и стабилизирање на финансиското работење. Главните предизвици остануваат недостатокот на влечни капацитети, староста на товарните вагони и високите трошоци за одржување, што директно влијае на конкурентноста на компанијата.
Во изминатиот период, со набавката на четири електро-локомотиви се подобри комерцијалната брзина на возовите и се намалија трошоците за одржување. Сепак, тековните капацитети сѐ уште не се доволни за стабилно и ефикасно извршување на транспортните услуги. Поради ова, потребно е да се спроведат планираните инвестиции во генерално и тековно одржување, како и набавка на неопходни резервни делови за одржување на возниот парк.
Еден од најголемите трошоци со кои се соочува компанијата е цената за пристап до железничката инфраструктура, што значително го оптоварува финансиското работење. Дополнително, техничките и организациските предизвици во железничкиот систем, како што се ограничувањата на брзината, неисправните сигнални и телекомуникациски уреди и прекините во железничкиот сообраќај, влијаат врз квалитетот на услугата и трошоците за работа.
За подобрување на состојбата, ЖРСМ Транспорт АД Скопје ќе продолжи со иницијативи за оптимизација на одржувањето на влечните средства и товарните вагони, како и со стратегија за подобрување на финансиската стабилност преку зголемување на обемот на превоз и подобрување на комерцијалните односи со клиентите.
Меѓутоа, за постигнување на овие цели се неопходни значителни финансиски средства, кои компанијата не може самостојно да ги обезбеди. Затоа, поддршката од Владата на Република Северна Македонија останува клучна за реализација на стратешките планови, модернизација на железничкиот транспорт и обезбедување одржливост и конкурентност на компанијата во наредниот период.

**СОСТОЈБА НА ВЛЕЧНИТЕ ВОЗИЛА СО НОВИ ИЗМЕНИ РЕГУЛАТИВИ И СИГУРНОСТ ( МЖТ – СМС -3/1 01.2020г. – ПРИЛОГ 4 )**

**ВЛЕЧНИ КАПАЦИТЕТИ**
**Состојба со 31.12.2024 год.**

**ДИЗЕЛ ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 661**

Во инвентарскиот парк на ЖРСМ Транспорт АД се наоѓаат 14 локомотиви од кои 2 се во сообраќај.

**ДИЗЕЛ МОТОРНИ ВОЗОВИ СЕРИЈА 711**

Инвентарскиот парк на Д.М.В 711 го сочинуваат 4 дизел моторни гарнитури од кои 3 се во сообраќај.

**ДИЗЕЛ МОТОРНИ ВОЗОВИ СЕРИЈА 712**

Инвентарскиот парк на Д.М.В 712 го сочинуваат 6 дизел моторни гарнитури. Во сообраќај нема.

**ДИЗЕЛ МАНЕВАРСКИ ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 642**

Инвентарскиот парк го сочинуваат 7 локомотиви од кои 2 се во сообраќај.

**ДИЗЕЛ МАНЕВАРСКИ ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 643**

Инвентарскиот парк го сочинува 1 локомотива истата е во сообраќај.

**ДИЗЕЛ МАНЕВАРСКИ ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 621**

Инвентарскиот парк го сочинуваат 2 локомотиви од кои во сообраќај е 1.

**ДИЗЕЛ ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 667**

Инвентарскиот парк го сочинува 2 локомотиви: Во сообраќај нема.

**ЕЛЕКТРО ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 441**

Инвентарскиот парк го сочинуваат 8 локомотиви од кои 1 е во сообраќај.

**ЕЛЕКТРО ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 442**

Инвентарскиот парк го сочинуваат 3 локомотиви: Во сообраќај нема.

**ЕЛЕКТРО ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 443**

Инвентарскиот парк го сочинуваат 4 локомотиви од кои во сообраќај се 2.

**ЕЛЕКТРО ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 461**

Инвентарскиот парк го сочинуваат 3 локомотиви. Во сообраќај нема.

**ЕЛЕКТРО ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 462**

Инвентарскиот парк го сочинуваат 2 локомотиви од кои во сообраќај е 1.

**ЕЛЕКТРО МОТОРЕН ВОЗ СЕРИЈА 411**

Инвентарскиот парк го сочинуваат 2 гарнитури. Во сообраќај се 2.

**ЕЛЕКТРО МОТОРНИ ВОЗОВИ СЕРИЈА 412**

Инвентарскиот парк го сочинуваат 4 гарнитури: Во сообраќај нема.

**ВЛЕЧЕНИ КАПАЦИТЕТИ**

**А. ПАТНИЧКИ ВАГОНИ**

Инвентарскиот парк во патнички вагони брои 45 вагони во чиј состав се наоѓаат следните серии вагони:

| Серија на вагон | **A** (седечки) | **Ar** (бифе) | **B** (седечки) | **Bc** (кушет) | **Bl** (спални) | **Салон** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инвентарски парк | 8 | 1 | 22 | 11 | 2 | 1 | **45** |
| Неработен возен парк | 7 | 1 | 17 | 9 | 2 | 1 | **37** |
| Поправка + реконструкција | 7 | 1 | 16 | 8 | 2 | 1 | **35** |
| Касација | | | 3 | 1 | | | **4** |
| Вагони во сообраќај | 1 | | 3 | | | | **4** |

Вкупниот инвентарски вагонски парк изнесува 45 вагони, од кои само 6 вагони (вагони со важечка ревизија) се работен вагонски парк.

Останатите вагони се во неработен вагонски парк (се неактивни), бидејќи согласно Правилниците со кои е регулиран начинот на одржување и роковите истите чекаат на тековно и инвестиционо одржување.

Состојба на вагони заклучно со датум 31.10.2024 година.

**Б. ТОВАРНИ ВАГОНИ**

Вкупниот инвентарски парк на товарните вагони изнесува 1382 вагони. Од кои со важечка ревизија се 510 вагони, за ревизија доспеваат 872 вагони (од сите серии) согласно Правилникот 241 и важечките стандарди на УИЦ и АВВ Прилог 11.

Состојба на товарни вагони по серии на ден 07.11.2024година

| Серија | T | G | H | K | R | S | E | Z | F | U | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 11 | 28 | 40 | 107 | 273 | 109 | 443 | 195 | 159 | 17 | 1382 |
| Вагони за ревизија | 11 | 27 | 40 | 102 | 102 | 23 | 231 | 175 | 142 | 17 | 870 |
| Вагони со важечка ревизија | 0 | 1 | 0 | 5 | 171 | 86 | 212 | 20 | 17 | 0 | 510 |

Освен 150-те нови вагони од серија S и E ,структурата и видот на товарните вагони не одговара во целост на потребите за превоз по видови на стока. Старосната структура е неповолна, експлоатациониот век се движи помеѓу 37-42 години, што спрема бараните стандарди на УИЦ и РИВ потребно е истите да се реконструираат, а дел од нив да се касираат.

## 3. ОБЕМ НА РАБОТА

По видови на  железнички сообраќај, во 2024 година е реализиран следниот обем на работа:

| Опис | Извршување | Извршување | Индекс |
|---|---|---|---|
| | 2023 | 2024 | 2024/2023 |
| А. Патничкисообраќај | | | |
| **1.Превезени патници** | **280,440** | **237,648** | **84,74** |
| -волокал | 280,440 | 237,648 | 84,74 |
| -вомеѓународен | 0 | | |
| **2. Патничкикилометри** | **32,268,325** | **26,376,828** | **81,74** |
| -волокал | 32,268,325 | **26,376,828** | 81,74 |
| -вомеѓународен | | | |
| Б.Товарен сообраќај | | | |
| **1. Превезени тони** | **817,182** | **857,828** | **104,97** |
| -волокал | 4,933 | 703 | 14,25 |
| **-вомеѓународен** | **812,249** | **857,125** | **105,52** |
| - увоз | 397,431 | 385,052 | 96,89 |
| - извоз | 53,177 | 79,225 | 148,98 |
| -транзит | 361,641 | 392,848 | 108,63 |
| **2.Нетотонски километри** | **146,212,841** | **157,717,109** | **107,87** |
| -волокал | 912,521 | 87,479 | 9,59 |
| **-вомеѓународен** | **145,300,320** | **157,629,630** | **108,49** |
| - увоз | 46,316,471 | 43,521,474 | 93,97 |
| - извоз | 9,297,436 | 16,682,974 | 179,44 |
| -транзит | 89,686,413 | 97,425,182 | 108,63 |

### А. Патнички сообраќај

Во 2024 година, превезени се **237.648** патници што е за **15,26%** помалку во однос на 2023 година, или изразено во апсолутни бројки во 2024 година имаме **42.792** помалку превезени патници.

Превозот на патници бележи намалување во локален сообраќај за **15,26%**, а во меѓународниот патнички сообраќај во 2023година нема превезено ниту еден патник.

Соодветно на превезените патници, патничките километри се во директна врска со обемот на работа како во локалниот сообраќај.

Во локалниот сообраќај, обемот на превоз изразен во поминати патнички километри бележи намалување од **18,26 %**, во споредба со претходната година.

**Патнички километри по релации (ПКМ)**

| Пруги | Патнички километри по релации | | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| | 2023 | 2024 | |
| Табановце-Скопје | 10.884 | 267 | 2,45 |
| Скопје-Велес | 13.836.170 | 11.656.359 | 84,25 |
| Велес -Гевгелија | 4.932.513 | 3.466.833 | 70,29 |
| Велес -Кочани | 0 | 217 | |
| Велес- Битола | 13.488.100 | 11.252.536 | 83,43 |
| Скопје-Ѓ.Петров | 376 | 198 | 52,66 |
| Ѓ.Петров-Јанковиќ | 0 | 0 | |
| Ѓ.Петров-Кичево | 282 | 418 | 148,23 |
| Табановце-Гевгелија | 0 | | |
| **Вкупно** | **32.268.325** | **26.376.828** | **81,74** |

Патничкиот сообраќај во 2024 година, има намалување од **18,26%**, во споредба со претходнатагодина, изразено во патнички километри.

## Б. Товарен сообраќај

Во 2024 година, товарниот сообраќај има зголемување од **4,97 %** превезена стока во тони во однос на 2023 година. Во локалниот сообраќај за 2024 година, има намалување од **85,75%**, споредено со 2023 година. Обемот на превоз во меѓународниот сообраќај е зголемен за **5,52%**, увозот е намален за **3,11%**, извозот е зголемен за **48,98%,**а транзитот е зголемен за **8,63%** споредено со 2023година.

Вкупниот обем на работа искажан во нетотонски километри е намален за**7,87 %** споредено со 2023 година.

Намалување на нетотонските километри се јавува во локалниот сообраќај за **90,41%**, а зголемување има во меѓународниот сообраќај за **8,49%** споредено со 2023 година. Увозот е намален за **6,03%** нетотонски километри, извозот е зголемен за **79,44 %** нетотонски километри, а транзитот е зголемен за **8,63, %** нетотонски километри споредено со 2023 година.

| Комитенти | Извршување 2023 година | | Извршување 2024 година | | Индекси 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | тони | | тони | тони |
| МАКПЕТРОЛ | Извоз | 0 | Извоз | 25 | |
| | Увоз | 81,147 | Увоз | 78,879 | 97,21 |
| | Транзит | 0 | Транзит | 0 | |
| | **Вкупно** | **81,147** | **Вкупно** | **78,904** | **97,21** |
| ФЕРШПЕД | Извоз | 7,949 | Извоз | 3,339 | 42,01 |
| | Увоз | 89,546 | Увоз | 74,432 | 83,12 |
| | Транзит | 12,927 | Транзит | 8,754 | 67,72 |
| | **Вкупно** | **110,422** | **Вкупно** | **86,525** | **78,36** |
| МУЛТИШПЕД | Извоз | 800 | Извоз | 257 | 32,13 |
| | Увоз | 16,980 | Увоз | 3,383 | 19,92 |
| | Транзит | 1,427 | Транзит | 0 | 0.00 |
| | **Вкупно** | **19,207** | **Вкупно** | **3,640** | **18,95** |
| МАКСТИЛ | Извоз | 43,727 | Извоз | 70,221 | 160,59 |
| | Увоз | 183,255 | Увоз | 190,469 | 103,94 |
| | Транзит | 0 | Транзит | 0 | |
| | **Вкупно** | **226,982** | **Вкупно** | **260,690** | **114,85** |
| ТИМС ИМПЕКС | Извоз | 0 | Извоз | 0 | |
| | Увоз | 3,974 | Увоз | 766 | 19,28 |
| | Транзит | 0 | Транзит | 0 | |
| | **Вкупно** | **3,974** | **Вкупно** | **766** | **19,28** |
| АРГО ЛОГИСТИК | Извоз | 0 | Извоз | 3,452 | |
| | Увоз | 416 | Увоз | 20,703 | 4.976,68 |
| | Транзит | 38,164 | Транзит | 45,804 | 120,02 |
| | **Вкупно** | **38,580** | **Вкупно** | **69,959** | **181,33** |
| ПИРЕАУС | Извоз | 0 | Извоз | 1,668 | |
| | Увоз | 10,126 | Увоз | 7,323 | 72,32 |
| | Транзит | 219,108 | Транзит | 268,094 | 122,36 |
| | **Вкупно** | **229,234** | **Вкупно** | **277,085** | 120,87 |
| РАИЛ КАРГО ХУНГАРИ | Извоз | 0 | Извоз | 0 | 0.00 |
| | Увоз | 2,320 | Увоз | 375 | 16,16 |
| | Транзит | 77,643 | Транзит | 57,981 | 74,68 |
| | **Вкупно** | **79,963** | **Вкупно** | **58,356** | **72,98** |
| ТРАНС КАРГО ЛОГИСТИК ВИЕНА | Извоз | 0 | Извоз | 188 | |
| | Увоз | 2,198 | Увоз | 5,650 | 257,05 |
| | Транзит | 0 | Транзит | 0 | |
| | **Вкупно** | **2,198** | **Вкупно** | **5,838** | **265,61** |
| ЕУРОЛОГ | Извоз | 0 | Извоз | **0** | |
| | Увоз | 0 | Увоз | 0 | |
| | Транзит | 0 | Транзит | 4,974 | |
| | **Вкупно** | **0** | **Вкупно** | **4,974** | |
| ТЕСАЛОНИКИ ПОРТ | Извоз | 0 | Извоз | 78 | |
| | Увоз | 1,842 | Увоз | 1,271 | 69,00 |
| | Транзит | 12,372 | Транзит | 3,216 | 25,99 |
| | **Вкупно** | **14,214** | **Вкупно** | **4,565** | **32,12** |
| ТРАНСА СПЕДИТИОН БУГАРИЈА | Извоз | 614 | Извоз | 0 | |
| | Увоз | 61 | Увоз | 1,799 | 2.949,18 |
| | Транзит | 0 | Транзит | 0 | |
| | **Вкупно** | **675** | **Вкупно** | **1,799** | **266,52** |
| МИЛШПЕД | Извоз | 87 | Извоз | 0 | |
| | Увоз | 3,309 | Увоз | 0 | |
| | Транзит | 0 | Транзит | 0 | |
| | **Вкупно** | **3,396** | **Вкупно** | **0** | |
| ТРАНСЛАНД СОФИЈА | Извоз | 0 | Извоз | 0 | |
| | Увоз | 99 | Увоз | 0 | |
| | Транзит | 0 | Транзит | 0 | |
| | **Вкупно** | **99** | **Вкупно** | **0** | |
| НАВИКО ШИПИНГ | Извоз | 0 | Извоз | 0 | |
| | Увоз | 2,158 | Увоз | 0 | |
| | Транзит | 0 | Транзит | 0 | |
| | **Вкупно** | **2,158** | **Вкупно** | **0** | |
| Трансфера Унионшпед (без договор) | Извоз | 0 | Извоз | 0 | |
| | Увоз | 0 | Увоз | 0 | |
| | Транзит | 0 | Транзит | 4,020 | |
| | **Вкупно** | **0** | **Вкупно** | **4,020** | |
| ВКУПНО | Извоз | 53,177 | Извоз | 79,228 | 148,99 |
| | Увоз | 397,431 | Увоз | 385,050 | 96,88 |
| | Транзит | 361,641 | Транзит | 392,843 | 108,63 |
| | **Вкупно** | **812,249** | **Вкупно** | **857,121** | **105,52** |

Вкупниот обем на работа во 2024 година по склучени договори со сите корисници на железнички услуги изнесува **857.12** тони, што е за **5,52 %** повеќе споредено со истиот период од 2023 година. Во 2024 година учеството на поголемите корисници во вкупниот обем на работа изнесува **99,91%** (во увоз, извоз и транзит).

**Патнички сообраќај по релации по важечкиот возен ред 2022/2023 во меѓународниот и внатрешниот сообраќај за 2023 год, односно за период 01.01.-31.12.2024 година**

**ВНАТРЕШЕН СООБРАЌАЈ:**

**1. Релација Скопје - Битола - Скопје**

Во период од 01.01.-31.03.2024 година сообраќајот по возен ред е планирано да се извршува со 3 пара возови 641/ 640, 643/642и 645/644 со Дизел моторна гарнитура ДМГ серија 711.

**Поради редовно одржување на дел од возните средства од 25.10.2023 година сообраќајот на релација Скопје –Битола-Скопје за овој временски период од годината се извршуваше само со воз 643/640.**
**Од 22.03.2024г со завршување на поправката на ДМГ 711-003/004 создадени се услови за Воспоставување редовен сообраќеј на возовите на релација Скопје –Битола (Жабени)и обратно.**
**Возовите бр 641 и 644 сообраќаат од 22.03.2024 год а возовите 642 и 645 од 27.03.2024год.**

**2. Релација Скопје - Велес - Скопје**

Во рамките на возниот ред за период од 01.01.-31.03.2024година сообраќајот се одвиваше со 3 (три) пара на возови и тоа: 601/602 и 2081/2080 и 2082/2083, со класичен состав на локомотива и вагони и/или Дизел моторна гарнитура ДМГ серија 711 и Електро моторна гарнитура ЕМГ серија 411 во зависност од расположивоста на возните средства. Возовите бр 2081 и 2082не сообраќаат во недела.

**3. Релација Скопје - Гевгелија - Скопје**

На оваа релација во периодот од 01.01.-31.03.2024 година сообраќајот се одвиваше со возовите 611, 630,631 и 632 со класичен состав на локомотива и вагони и/или Електро моторна гарнитура ЕМГ серија 411.

**Поради редовно одржување на една електро гарнитура возовите 611 632 на релација Скопје –Гевгелија и обратно од 27.03.2024година врремено не се обраќаат се до поправка на ЕМГ и создавње услови на нивно повторно враќање во сообраќај.**

**ВНАТРЕШЕН СООБРАЌАЈ:**

**1. Релација Скопје - Битола - Скопје**

Во период од 01.04.-30.06.2024 година сообраќајот по возен ред е планирано да се извршува со 3 пара возови 641/ 640, 643/642и 645/644 со Дизел моторна гарнитура ДМГ серија 711.

**2. Релација Скопје - Велес - Скопје**

Во рамките на возниот ред за период од 01.04.-30.06.2024година сообраќајот се одвиваше со 3 (три) пара на возови и тоа: 601/600 и 2081/2080 и 2082/2083, со класичен состав на локомотива и вагони и/или Дизел моторна гарнитура ДМГ серија 711 или Електро моторна гарнитура ЕМГ серија 411 во зависност од расположивоста на возните средства.

Возовите бр 2081 и 2082не сообраќаат во недела.

**3. Релација Скопје - Гевгелија - Скопје**

На оваа релација во периодот од 01.04.-30.06.2024 година сообраќајот се одвиваше со возовите бр 611, 630,631 и 632 со класичен состав на локомотива и вагони и/или Електро моторна гарнитура ЕМГ серија 411.
**Поради редовно одржување на една електро гарнитура возовите 611 и 632 на релација Скопје –Гевгелија и обратно од 27.03.2024година времено не собраќаат се до поправка на ЕМГ и создавње услови на нивно повторно враќање во сообраќај.**

**Во организација на Mav Nosztalgia Kft. и оператор Golden Eagle Luhury Trains на ден 08.05.2024год. сообраќаше посебен туристички воз на релација Венеција –Истамбул-Венеција.**
**Посебниот воз низ територијата на Р.Македонија сообраќаше на релација Табановци –Скопје –Табановци.**

**Со стапување на сила на третите измени и дополнувања на важечкиот возен ред 2023/2024 од 09.06.2024 по барање на Сектор Зоп Скопје (порано од датумот на измените, 09.06.2024 година) се врши промена на времето на тргнување од ст.Скопје кај воз 601, истиот да тргнува во 08.00 часот , наместо во 09.00 часот.**

**Овие измени и дополнувањаќе важат до завршување на возниот ред 2023/2024година.**

**ВНАТРЕШЕН СООБРАЌАЈ**

**1. Релација Скопје – Битола – Скопје**

Во период од 01.07.-30.09.2024 год. сообраќајот по возен ред е планирано да се извршува со 3 (три) пара возови 641/640, 643/642 и 645/644 со Дизел моторна гарнитура (ДМГ) серија 711.

**2. Релација Скопје – Велес – Скопје**

Во рамките на возниот ред за период од 01.07.-30.09.2024 год. сообраќајот се одвиваше со 3 (три) пара на возови и тоа: 601/600, 2081/2080 и 2082/2083, со класичен состав на локомотива и вагони, и/или ДМГ серија 711 или ЕМГ серија 411 во зависност од расположивоста на возните средства.

Возовите бр. 2081 и 2082 не сообраќаат во недела.

**3. Релација Скопје – Гевгелија – Скопје**

На оваа релација во периодот од 01.07.-30.09.2024 год. сообраќајот се одвиваше со возовите број 611, 630, 631 и 632 со класичен состав на локомотива и вагони и/или ЕМГ серија 411.

**Поради редовно одржување на една електромоторна гарнитура возовите бр. 611 и 632 на релација Скопје – Гевгелија и обратно од 27.03.2024 времено не сообраќаат се до поправка на ЕМГ и создавање на услови за нивно повторно враќање во сообраќај.**

**Во организација на MAV Nosztalgia Kft. и операторот GOLDEN EAGLE/DANUBE EXPRESS 2024, UNIWORLD BALKAN EXPLORER 1 на ден 19.09.2024 година сообраќаше посебен туристички воз на релација Венеција-Истанбул-Венеција. Посебниот воз низ територијата на Р. Македонија сообраќаше на релација Табановци-Скопје-Табановци.**

**Со стапување на сила на третите измени и дополнувања на важечкиот Возен ред 2023/2024 од 09.06.2024 година, а по барање на Сектор Зоп Скопје (порано од датумот на измените, 09.06.2024 година), се врши промена на времето на тргнување од ст. Скопје кај воз бр. 601, истиот да тргнува во 08.00 часот, наместо во 09.00 часот.**

**Овие измени и дополнување ќе важат до завршување на возниот ред 2023/2024 година.**

**ВНАТРЕШЕН СООБРАЌАЈ**

**1. Релација Скопје – Битола – Скопје**

Во период од 01.10.-31.12.2024 год. сообраќајот по возен ред е планирано да се извршува со 3 пара возови 641/640, 643/642 и 645/644 со Дизел моторна гарнитура (ДМГ) серија 711.

**2. Релација Скопје – Велес – Скопје**

Во рамките на возниот ред за период од 01.10.-31.12.2024 год. сообраќајот се одвиваше со 3 (три) пара на возови и тоа: 601/600, 2081/2080 и 2082/2083, со класичен состав на локомотива и вагони, и/или ДМГ серија 711 или ЕМГ серија 411 во зависност од расположивоста на возните средства.

Возовите бр. 2081 и 2082 не сообраќаат во недела.

**3. Релација Скопје – Гевгелија – Скопје**

На оваа релација во периодот од 01.10.-31.12.2024 год. сообраќајот се одвиваше со возовите број 611, 630, 631 и 632 со класичен состав на локомотива и вагони и/или ЕМГ серија 411.

**Поради редовно одржување на една електромоторна гарнитура возовите бр. 611 и 632 на релација Скопје – Гевгелија и обратно од 27.03.2024 времено не сообраќааше се до новиот возен ред од 15.12.2024 со почетокот на возниот ред возовите бр. 611 и 632 се пуштени во сообраќај.**

**Со стапување на сила на третите измени и дополнувања на важечкиот Возен ред 2023/2024 од 09.06.2024 година, а по барање на Сектор Зоп Скопје (порано од датумот на измените, 09.06.2024 година), се врши промена на времето на тргнување од ст. Скопје кај воз бр. 601, истиот да тргнува во 08.00 часот, наместо во 09.00 часот.**

**Со воведување на возниот ред кој што почнува кој што почнува од 15.12.2024 до 31.12.2024 се воведува бр.на возови 611 и 632 на релација Скопје –Гевгелија и обратно.**

**Со стапување на сила на новиот Возен ред 2024/2025 ГОДИНА ОД 15.12.2024 година престанува да важи досегашниот Возен ред 2023/2024год со сите негови измени и дополнувања.**

## 4. КОРИСТЕЊЕ, СОСТОЈБА И ПОТРОШУВАЧКА НА ВЛЕЧНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

**Брутотонски километри вкупно (патнички и товарен сообраќај)**

(000)

| Опис | Извршување 2023 год | Извршување 2024 год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| ЕМ Возови | 21.571 | 21.232 | 98,43 |
| Електро локомотиви | 235.837 | 222.222 | 94,23 |
| ДМ Возови | 38.676 | 55.611 | 143,79 |
| Дизел локомотиви | 20.384 | 31.189 | 153,01 |
| **Вкупно** | **316.468** | **330.254** | **104,36** |

Во 2024 година остварени се вкупно **330.254** бруто тонски километри. Во вкупниот обем на работа електро локомотивите учествуваат со **67,29%**, дизел локомотивите со **9,44%,** ДМВ со **16,84%,** ЕМВ со **6,43%**. Електро влечата во вкупниот обем на работа учествува со **73,72%**, а дизел влечата со **26,28%**. Во патничкиот сообраќај вкупно се остварени **78.656** илјади брутотонски километри што претставува **23,82%**, од вкупниот обем на работа, а во товарниот сообракај се остварени **251.598** илјади брутотонски километри што претставува **76,18%**, од вкупниот обем на работа.

**Брутотонски километри во патнички сообраќај**

(000)

| Опис | Извршување 2023год | Извршување 2024год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| ЕМ Возови | 21.571 | 21.232 | 98,43 |
| Електро локомотиви | 14.253 | 1.533 | 10,76 |
| ДМ Возови | 38.676 | 55.611 | 143,79 |
| Дизел локомотиви | 3.188 | 280 | 8,78 |
| **Вкупно** | **77.688** | **78.656** | **101,25** |

Во патничкиот сообраќај вкупно се остварени **78.656** илјади брутотонски километри што претставува зголемување од **1,25%**, во споредба со истиот период од 2023 година.

**Брутотонски километри во товарен сообраќај**

(000)

| **Опис** | Извршување 2023 год | Извршување 2024 год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| Електро | 221.584 | 220.689 | 99,60 |
| Дизел | 17.196 | 30.909 | 179,75 |
| **Вкупно** | **238.780** | **251.598** | **105,37** |

Во товарниот сообраќај вкупно се остварени **251.598** илјади брутотонски километри што претставува зголемување од **5,37%**, во споредба со истиот период од 2023 година.

Кај Електро влечата процентуалното намалување изнесува **0,40 %,** но во апсолутни бројки е за **895** илјади брутотонски километри помалку од 2023 година. Во дизел влечата има зголемување од **79,75%,** што е за **13.713** илјади брутотонски километри повеќе во споредба со истиот период од 2023година.

**Локомотивски километри**
**Вкупно (патнички и товарен)**

| Вид на влеча | Извршување 2023 год | Извршување 2024 год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| ЕМ Возови | 160.040 | 155.144 | 96,94 |
| Електро локомотиви | 439.053 | 330.121 | 75,19 |
| Дизел моторни возови | 284.835 | 405.542 | 142,38 |
| Дизел локомотиви | 84.209 | 88.693 | 105,32 |
| **Вкупно** | **968.137** | **979.500** | **101,17** |

Во 2024 година реализирани се вкупно **979.500** локомотивски километри, споредено со истиот период од 2023 година имаме зголемување од **1,17%.**

**Локомотивски километри**
**во патнички сообраќај**

| Вид на влеча | Извршување 2023 год | Извршување 2024 год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| ЕМ Возови | 160.040 | 155.144 | 96,94 |
| Електро локомотиви | 125.524 | 16.336 | 13,01 |
| Дизел моторни возови | 284.835 | 405.542 | 142,38 |
| Дизел локомотиви | 26.640 | 3.034 | 11,39 |
| **Вкупно** | **597.039** | **580.056** | **97,16** |

Во патничкиот сообраќај реализирани се **580.056** локомотивски километри, изразено процентуално и споредено со истиот период од 2023 година, имаме намалување од **2,84%.**

Патничкиот сообраќај учествува со **59,22%,** во вкупно извршените локомотивски километри во 2023 година.

Зголемување на вкупно извршените локомотивски километри има само кај дизел моторните возови за **42,38%**. Намалување има електромоторните возови за **3,06%**,електро локомотивите за **86,99%** дизел локомотивите за **88,61%** споредено со истиот период од 2023година.

**Локомотивски километри**
**во товарен сообраќај**

| Вид на влеча | Извршување 2023 год | Извршување 2024 год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| Електро локомотиви | 313.529 | 313.785 | 100,08 |
| Дизел локомотиви | 57.569 | 85.659 | 148,79 |
| **Вкупно** | **371.098** | **399.444** | **107,64** |

Во товарниот сообраќај реализирани се **399.444** локомотивски километри, изразено процентуално и споредено со истиот период од 2023година, имаме нзголемување од **7,64%.**

Товарниот сообраќај учествува со **40,78%,** во вкупно извршените локомотивски километри во 2023 година.

Зголемување на вкупно извршените локомотивски километри има кај дизел локомотивите за **48,79 %**и кај електро локомотивите за **0,08%** споредено со истиот период од 2023година.

**Имобилизација во%**

| Опис | Извршување 2023год | Извршување 2024год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| ЕМ Возови | 80,00 | 83,33 | 104,16 |
| Електро локомотиви | 82,00 | 83,57 | 101,91 |
| ДМ Возови | 82,00 | 79,00 | 96,34 |
| Дизел локомотиви | 85,71 | 90,00 | 105,01 |
| Маневра | 70,00 | 78,46 | 112,09 |
| **Вкупно** | **80,16** | **83,07** | **103,63** |

Вкупниот процент на имобилизацијата е **83,07%**, што претставува намалување на расположливост за **3,63%,** во споредба со истиот период од 2023година.

**Потрошувачка на електрична енергија**

| Опис | Извршување 2023 год | Извршување 2024 год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| Квч | 8.272.235,00* | 7,396,700,00* | 89,42 |
| Денари | 43.440.799,22 | 49.694.744,04 | 114,40 |
| Просечна цена по квч | 5,25* | 6,72* | 128,00 |

Просечната цена за киловат час е зголемена за **28%,** во споредба со истиот период од 2023 година.

**Потрошувачка на дизел гориво (во тони)**

| Опис | Извршување 2023год | Извршување 2023год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| ДМ Возови | 450,24 | 636,78 | 141,43 |
| Дизел локомотиви | 286,65 | 296,75 | 103,52 |
| Маневра | 57,19 | 54,81 | 95,84 |
| Вкупно | **794,08** | **988,34** | **124,46** |
| Просечна цена на дизел гориво/литар | 69,21 | 64,52 | 93,22 |

Потрошувачката на дизел гориво е зголемена за **24,46%**, додека просечната цена за литар е намалена за **6,78%** споредено со истиот период од 2023 година.

**Просечно оптоварување (во тони)**

| О п и с | Извршување 2023 год | Извршување 2024 год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| Електро(патнички) | 125,45 | 132,76 | 105,83 |
| Електро (товарен) | 898,35 | 880,66 | 98,03 |
| Дизел (патнички) | 134,41 | 136,79 | 101,77 |
| Дизел (товарен) | 553,48 | 540,53 | 97,66 |

Просечното оптоварување бележи зголемување кај електро патнички за **5,83%** и кај дизел патнички **1,77%,** а намалување дизел товарен за **2,34%** и електро товарен за **1,97%** споредено со истиот период од 2023 година.

**Просечно дневно возење(км/ден)**

| О п и с | Извршување 2023 год | Извршување 2024 год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| ЕМ Возови | 368,08 | 438,76 | 119,20 |
| Електро(патнички) | 369,19 | 394,59 | 106,88 |
| Електро (товарен) | 314,60 | 265,73 | 84,47 |
| ДМ Возови | 438,07 | 518,79 | 118,43 |
| Дизел (патнички) | 456,95 | 86,93 | 19,02 |
| Дизел (товарен) | 88,88 | 155,70 | 175,18 |

Зголемено просечно дневно возење имаме кај ЕМ возовите за **19,20%,** електро (патнички) за **6,88%,** ДМ возовите за **18,43%** и дизел (товарен) за **75,18%.** Намалување има кај електро (товарен) за **15,53%** и и дизел (патнички) за **80,98%** споредено со истиот период од 2023 година.

**Специфична потрошувачка**

| Опис | Извршување 2023 год | Извршување 2024 год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| ЕМВ и Електро лок. (квч/1000 брткм) | 32,14 | 30,38 | 94,52 |
| ДМ Возови ( кг/1000 брткм ) | 11,64 | 11,45 | 98,37 |
| Дизел локомотиви(кг/1000 брткм) | 14,06 | 9,51 | 67,64 |
| Маневра ( кг/час) | 5,39 | 5,63 | 104,45 |

Специфичната потрошувачка е зголемена кај маневра за **4,45%.** Намалување има кај ЕМ возовите и електро локомотиви **5,48%**, и ДМ возовите за **1,63%** и дизел локомотивите за и за **32,36%.**

## Возникилометри

| Опис | Извршување 2023 год | Извршување 2024 год | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| ЕМ Возови | 160.040 | 155.144 | 96,94 |
| Електро патнички | 125.524 | 16.336 | 13,01 |
| Електро товарен | 244.566 | 246.330 | 100,72 |
| ДМ Возови | 284.835 | 405.542 | 142,38 |
| Дизел патнички | 26.640 | 3.034 | 11,39 |
| Дизел товарен | 27.033 | 51.732 | 191,37 |
| **Вкупно** | **868.638** | **878.118** | **101,09** |

Вкупно во 2024 година имаме остварено **878.118** возни километри, споредено со претходна година имаме зголемување од **1,09%** или изразено во апсолутни бројки **9.480** возни километари повеќе во однос на претходната година. Зголемување има кај Дизел товарен воз за **91,37**%, ДМ возовите за **42,38% и** електро (товарен) за **0,72%.** Намалување има кај ЕМ возови за **3,06%,** електро (патнички) за **86,99%**, и Дизел (патнички) за **88,61%,** во споредба со истиот период од 2023година.

## 5. ИНВЕСТИЦИИ

**ВКУПНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА И ИНВЕСТИЦИИ**

( За период од 01.01.-31.12.2024 година )

| Ред. број | ОПИС | ФАКТУРИРАНО | ПЛАЌАЊА во 2024 | | ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 01.01-31.12.2024 | за ф-ри од 2021,2022,2023 | за ф-ри од 2024 | |
| I | КРЕДИТ ОД ЕБРД | | | | |
| Ia | Набавка на основни средства | 0.00 | 0.00 | 0.00 | |
| 1 | ЦРРЦ КИНА | 0.00 | 0.00 | 0.00 | |
| 2 | ЦРРЦ КИНА | 0.00 | 0.00 | 0.00 | |
| 3 | ХАСЛЕР РАИЛ АГ БЕРН ( ЕМИС ) | 0.00 | 0.00 | 0.00 | |
| | ТС ХУНГАРИЈА - УНГАРИЈА | 0.00 | 0.00 | 0.00 | |
| | ВКУПНО набавка | 0.00 | 0.00 | 0.00 | |
| Iб | Инвестиции во тек | | | | |
| 1 | Градба промет | | 0.00 | 0.00 | |
| | ВКУПНО инвестиции | 0.00 | 0.00 | 0.00 | |
| | ВКУПНО набавка и инвестиции во тек од средства ЕБРД | 0.00 | 0.00 | 0.00 | |
| | | | | | |
| II | СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА | | | | |
| | Набавка на основни средства | | | | |
| 4 | СИНПЕКС | 0.00 | | | |
| | АПОЛО ДООЕЛ СКОПЈЕ | 7,250.00 | | | Набавка на тонери |
| 21 | ФОРТУНА ГРУП СКОПЈЕ | 0 | 0.00 | | |
| 22 | ДИЛ КОМ ПРИЛЕП | | 0.00 | 0.00 | |
| 23 | ФИЛАДЕЛФИЈА КОЧАНИ | 1,557,600.00 | | 1,000,000.00 | Набавка на клими |
| | ЕФТИНИЈА РОЛС ДОО СКОПЈЕ | | 0.00 | | |
| | ВКУПНО набавка сопствени средства | 1,564,850.00 | 0.00 | 1,000,000.00 | |
| | СЕ ВКУПНО(ЕБРД и Сопствени) | 1,564,850.00 | 0.00 | 1,000,000.00 | |
| | | | ВКУПНО ПЛАТЕНО | 1,000,000.00 | |

## 6. ВРАБОТЕНОСТ

ЖРСМ Транспорт А.Д - Скопје 2024 година, ја заврши со 624 вработени.

| О П И С | Вработени на неопределено работно време | Вработени на определено работно време | Вкупно вработени |
|---|---|---|---|
| 1.ПОДРУЖНИЦА ЗА ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ | 118 | | |
| 2.ПОДРУЖНИЦА ЗА ТОВАРЕН СООБРАЌАЈ | 117 | | |
| 3.ПОДРУЖНИЦА ЗА ВЛЕЧА НА ВОЗОВИ | 300 | | |
| 4.ФИНАНСИИ СЕКТОР | 12 | | |
| 5.ПРАВНА СЛУЖБА СЕКТОР | 22 | | |
| 6.МАРКЕТИНГ - СЕКТОР | 5 | | |
| 7.ГЕН. ДИРЕКТОР- СЕКТОР | 43 | | |
| 8.УПРАВЕН ОДБОР | 6 | | |
| **ВКУПНО ВРАБОТЕНИ** | **623** | **1** | **624** |

## 7.ПЛАТИ

**БРУТО ПЛАТИ ПО ПОДРУЖНИЦИ**

( за период од 01.01 - 31.12.2024 година)

во денари

| Опис | Нето плати | Придонеси | Персонален данок | Бруто плати |
|---|---|---|---|---|
| **Подружница за патнички сообраќај** | **63,472,578** | **26,811,989** | **5,472,582** | **95,757,149** |
| **Подружница за товарен сообраќај** | **68,619,204** | **29,054,390** | **6,092,147** | **103,765,741** |
| **Подружница за Влеча на возови** | **174,952,003** | **74,069,093** | **15,511,375** | **264,532,471** |
| **Финансии сектор** | **16,400,901** | **6,942,926** | **1,452,363** | **24,796,190** |
| **Управен Одбор** | **7,126,388** | **3,044,245** | **701,680** | **10,872,313** |
| **Маркетинг сектор** | **3,398,145** | **1,438,017** | **299,633** | **5,135,795** |
| **Правеn сектор** | **23,447,083** | **9,925,127** | **2,074,620** | **35,446,830** |
| **Генерален сектор** | **4,071,247** | **1,724,023** | **361,924** | **6,157,194** |
| **ВКУПНО** | **361,487,549** | **153,009,810** | **31,966,324** | **546,463,683** |

Надзорниот одбор во ЖРСМ Транспорт е составен од Претседател и 6(шест) членови кои месечно се исплаќаат по 10.000 ден и претседателот 12.000 илјади денари.

**АНАЛИЗА НА ПЛАТИ ЗА СИТЕ КАТЕГОРИИ НА ВРАБОТЕНИ**

(спецификации од плати согласно постоечката систематизација)

| Опис | I | II | III | IV | V-Б | V-А |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Нетоплата | 6,709,114 | 7,256,599 | 75,027,384 | 177,331,929 | 38,021,900 | 4,574,568 |
| Вработени | 116 | 114 | 1,117 | 2,605 | 561 | 68 |
| Просечнаплата | 57,837 | 63,654 | 67,189 | 68,082 | 67,735 | 67,273 |

| Опис | VI-Б | VI-А | VII-А | VII-Б | VIII | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Нетоплата | 11,311,442 | 31,664,539 | 8,438,212 | 542,707 | 609,155 | 361,487,549 |
| Вработени | 140 | 414 | 105 | 8 | 8 | 648 |
| Просечнаплата | 80,989 | 76,484 | 80,364 | 67,838 | 76,144 | 46,495 |

# ПРЕГЛЕД

## на реализирани средства за бруто плати и средства за ангажирање

**Преглед на реализирани средства за бруто плати и средства за ангажирање лица**

| Период | Реализирани средства за бруто плати 2024 | | | | | реализирани средства за ангажирање лица/Закон за трансформација во ред. раб.однос (претходна година) | | Реализирани средства за бруто плати 2025 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | неопределено работно време | | определено работно време/АПВ | | | | | неопределено работно време | | | | | определено работн | |
| | Износ во денари | Број на лица | Износ во денари | Број на лица | вкупно | Износ во денари | Број на лица | Износ во денари | Број на постојано врабо-тени | Број на ново-вработени | план за плата за ново вработени | Број на испразнети и раб. места по било кој основ **пензионирање** | Износ во денари | Број на лица |
| Јануари | 43,557,182 | 680 | 496,478 | 4 | **44,053,660** | 2,288,203 | 80 | 44,095,387 | 618 | | | 5 | 130,411 | 1 |
| Февруари | 45,371,567 | 669 | 515,355 | 4 | **45,886,922** | 2,287,080 | 78 | 45,909,772 | 613 | | | 5 | 130,411 | 1 |
| Март | 45,084,785 | 657 | 515,355 | 4 | **45,600,140** | 2,987,688 | 108 | 45,622,990 | 611 | | | 2 | 130,411 | 1 |
| Април | 45,479,655 | 654 | 515,624 | 4 | **45,995,279** | 2,942,777 | 107 | 46,017,860 | 607 | | | 4 | 130,411 | 1 |
| Мај | 48,284,348 | 648 | 524,284 | 4 | **48,808,632** | 1,643,172 | 52 | 48,822,553 | 603 | 59 | 2,000,000.00 | 4 | 130,411 | 1 |
| Јуни | 46,438,116 | 648 | 513,147 | 4 | **46,951,263** | 1,572,385 | 49 | 46,976,321 | 599 | | 2,000,000.00 | 4 | 130,411 | 1 |
| Јули | 44,843,672 | 652 | 258,601 | 5 | **45,102,273** | 901,722 | 36 | 45,381,877 | 591 | | 2,000,000.00 | 8 | 130,411 | 1 |
| Август | 45,134,503 | 630 | 130,411 | 1 | **45,264,914** | 610,947 | 22 | 45,672,708 | 583 | | 2,000,000.00 | 8 | 130,411 | 1 |
| Септември | 44,669,860 | 630 | 130,411 | 1 | **44,800,271** | 680,791 | 24 | 45,208,065 | 578 | | 2,000,000.00 | 5 | 130,411 | 1 |
| Октомври | 44,816,385 | 628 | 136,106 | 1 | **44,952,491** | 818,548 | 27 | 45,354,590 | 572 | | 2,000,000.00 | 6 | 130,411 | 1 |
| Ноември | 43,800,158 | 624 | 136,036 | 1 | **43,963,194** | 1,006,825 | 31 | 44,338,363 | 571 | | 2,000,000.00 | 1 | 130,411 | 1 |
| Декември | 44,948,377 | 620 | 136,267 | 1 | **45,084,644** | 1,085,162 | 33 | 45,486,582 | 564 | | 2,000,000.00 | 7 | 130,411 | 1 |
| Вкупно | **542,428,608** | | **4,008,075** | | **546,463,683** | **18,825,300** | | **548,887,068** | **564** | **59** | **16,000,000.00** | **59** | **1,564,932** | |
| | | | | | | | | **ПЛАТА ЗА РЕДОВНО ВРАБОТЕНИ** | | | **ПЛАТА ЗА НОВОВРАБОТЕНИ** | | **ГЕНЕРАЛЕН ДИ** | |

**Напомена ЖРСМ ТРАНСПОРТ ја заврши 2024год со 623 вработени 620зеле плата од компанија 3лица од фондот се на боледување.**

## 8. ЕКОНОМСКО ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

### ЗА ПЕРИОД 01.01.-31.12.2024 ГОДИНА

во илјади денари

| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ред. бр. | О П И С | План 2024 | 01.01.2023 31.12.2023 | 01.01.2023 31.12.2023 | 01.01.2024 31.12.2024 | структурна анализа 2024 % | споредбена анализа оств./ план % | споредбена анализа 2024/2023 % |
| 1 | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **1,214,017** | **1,166,321** | **1,166,322** | **1,229,134** | **100.00** | **101.25** | **105.39** |
| 111 | Приходи од патнички сообраќај | 29,776 | 23,987 | 23,987 | 19,942 | 1.62 | 66.97 | 83.14 |
| 112 | Приходи од стоков сообраќај | 503,570 | 420,268 | 420,268 | 424,502 | 34.54 | 84.30 | 101.01 |
| 113 | Приходи од колски денгуби - РИВ | - | 2,013 | 2,013 | 1,771 | 0.14 | - | 87.98 |
